**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 септември 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседтел на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по 53-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Андреј Жерновски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Фијат Цановски, Данаил Дончев, Али Ахмети, Фазли Велиу, Садула Дураку, Сфет Незири, Радмила Шеќеринска, Весна Бендевска и Љубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници во Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Точка 15 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот по амандманот на член 11 став 2, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, за гласале 8, воздржано 4, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12, за менување на став 2, поднесен од пратениците Влатко Серафимов, Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Џелил Бајрами:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Овој амандман Владата го прифаќа и амандманот станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 2, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Џелил Бајрами:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман, а збор има господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, амандманот е поднесен на член 16 став 2, каде што барам терминот "да се избегнува употреба" да се преименува и да се замени со зборовите "не употребува".

Имено, со одредбата на овој став се утврдува дека произведувачот треба да избегнува употреба на материјали и производи кои содржат опасни супстанци. Да се избегнува нешто значи повремено односно во определени случаи да може да се употребуваат односно да се користат вакви материјали и производи. Сметам дека произведувачот треба и е должен секогаш да не употребува вакви материјали и производи и заради тоа предлагам измена на овој член, односно ставот 1 на овој член. До колку, почитуван министер, остане вака како што е предложено, верувајте дека ниту еден македонски производ не ќе може да ја напушти државата, заради тоа што вие дозволувате во производството да се користат материјали кои содржат опасни супстанци и можат да го загрозат животот и здравјето на оние кои ги користат тие производи.

Денес има една сериозна акција каде што голем број на кинески производи се контролираат, прегледуваат и санкционираат. Дали барате и со македонските производи истото тоа да се случува во иднина.

Ве замолувам сериозно да го разгледате уште еднаш овој амандман и да не дозволите производителите на македонски производи да може да користат супстанци кои се опасни по здравјето и животот на луѓето. Не знам кои други аргументи почитувани колеги треба да бидат приложени за да се прифати овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин претседател, почитуван господин министер, почитувани колеги пратеници,овој амандман се однесува на, не е некоја сериозна работа која ќе влијае врз текстот на законот и врз измените и дополнувањата на Законот за управување со отпад, меѓутоа, сметам дека треба да се има едно поцврсто решение околу тоа дали треба да се употребуваат или да не се употребуваат штетни односно опасни супстанци кои ќе влијаат врз здравјето на луѓето и врз животната средина.

Со ставот кој што е напишан во членот 16 - да се избегнува употреба на материјали - е една широка појава, која што широчина може за еден човек да биде мала, за друг човек да биде голема. Што се однесува до избегнувањето, секој го сфаќа

на свој начин. Избегнување за тој што ќе користи во технолошкиот процес опасни супстанци ќе биде многу мало, а додека за луѓето кои што се занимаваат со областа животна средина ќе биде големо, иако тоа се мали количини. Кој ќе ја контролира, почитувани, целата оваа состојба, колкаво е тоа избегнување на користењето на опасни супстанци. Избегнувањето може да значи и отстапување во одредени граници кои ќе придонесат за загрозување на здравјето на луѓето кои се директно вклучени во технолошкиот процес и врз животната средина во оваа област, затоа што предложеното решение кое што е дадено од страна на подносителот на амандманот дека во еден технолошки процес не треба да се употребуваат опасни супстанци кои ќе влијаат врз здравјето и животот на луѓето и врз животната средина, сметам дека е издржливо. Се знае точно во кои ситуации може да се користат дел од опасните супстанци во производствениот процес, се знае точно како се врши нивното пуштање во употреба и во производство.

Затоа сметам дека овој амандман е издржан, а со тоа ќе придонесеме и за зачувување на животната средина, а ќе придонесеме и од еден друг аспект, од аспект на заштита на работа при производство, во кој луѓето кои се директно вклучени во тие технолошки процеси ќе бидт директно изложени по нивното здравје.

Затоа предлагам и апелирам до владеачкото мнозинство, бидејќи според нивниот однос очигледно не ги интересира воопшто дали дел од амандманите ќе бидат прифатени или нема да бидат прифатени или дали се за подобрување на текстот на законот, сметам дека безцелни се и нашите дисусии околу овој амандман, а се надевам дека така ќе биде и во иднина со другите амандмани, а тие амандмани се поднесени се со цел да се подобри законот, измените и дополнувањата на Законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави повторно пратеникот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Уште еднаш би сакал да го замолам предлагачот да го разгледа овој амандман, ако ништо друго дали може на нас пратениците да ни објасни за што станува збор овде и зошто овој амандман не се прифаќа. Имено, додавате нов став во членот 48 од постојниот закон и велите при процесот на производство производувачот е должен да избегнува употреба на материјали или производи кои содржат опасни материи во количини или концентрации кои негативно влијаат врз здравјето на луѓето и животната средина и тн. Амандманот вели не да се избегнува, туку да не се употребува. Некој можеби ќе мисли дека ова е технички амандман, меѓутоа, јас велам дека е суштински. Кој македонски производ ќе може да излезе надвор со оваа формулација која што е дадена овде. Тоа значи било кој производител ќе може да употребува материјали и производи кои содржат опасни супстанци. Може ли да ни појасните министре за што станува збор, ако веќе го одбивате материјалот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор министерот Бајрами, повелете.

**Џелил Бајрами:** Мене ми е жал што не го читаат комплетно законот или не сакаат да го читаат, затоа што во членот 16 став 3 многу јасно пишува дека при процесот на производството произведувачот е должен да избегнува и тн. Значи ова не сакаат да го споменуваат дека е должен да ги запазува сите тие европски директиви кои ние ги предвидовме во овој закон. Затоа не се прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави повторно пратеникот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван министер, ве сослушав и го прочитавте децидно и стриктно ставот 3. Е должен да избегнува - дали во технолошкиот процес ќе употребува или нема да употребува е знак прашање. “Избегнува” е збор кој може да се третира и како може да употребува, или се третира како може да употебува во одредени граници. Како ова ќе се контролира на пазарот, како ова ќе се контролира од аспект на заштита на животната средина и како ќе се контролира од аспект на здравјето на луѓето кои се директно вклучени во работата на тие технолошки процеси. Дали смета, ако стои “не употребува” како што е дадено во амандманот, или “избегнува да употребува”. Значи “избегнува” не значи дека на него му се забранува дека тој може да користи и како тоа ќе го исконтролирате кога нема да ги почитува одредбите од Европската унија како што кажувате.

Сметам дека е даденма една состојба во која состојба може да се најде правен вакуум, во кој сите ние како држава ќе се најдеме во небрано. Затоа предлагаме овој амандман да се прифати. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Ние денес расправаме по Законот за управување со отпад и тоа имаме измени и дополнување на постојниот Закон. Ценам дека би било згодно кога веќе додаваме еден нов став на еден член 48 каде што укажуваме на тоа како може и како смее да тече производниот процес во иднина во Република Македонија и само со половина реченица велите дека истиот ќе важи за постапување со отпадот, апсолутно не ми е јасно што значи нешто да се избегнува. Тоа значи дека јас го толкувам поинаку овој збор или овој член, или не можам да го разберам, извинете, меѓутоа, за година и пол колку и да немаше ред во

депонирањето на опасниот отпад во Република Македонија нема прилика да не потенцирам дека Република Македонија стана една депонија, за која апсолутно не водите сметка како Министерство.

Може со денови да зборуваме каде се имаме опасен отпад. Вие со овој член дозволувате и во производството да се употребува тоа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господинот Ѓорѓи Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине претседателе, колеги пратеници,

Што се однесува до овој амандман сметам дека имаме одредено недоразбирање во квалификацијата на термините кои се употребуваат или во Предлог законот или во она што како амандман се наметнува или се употребува.

Нешто комплетно да се исклучи е една работа, а друго е онака како што е ставено во законот.

Одредени материи, без разлика во одредени концентрации и во одреден технолошки процес можат да бидат опасни, меѓутоа, се неопходни за технолошкиот процес затоа постои технолошка процедура, постојат хасапи итн.

Дел од такви материи можно е да се употребуваат во технологијата што сугерира дека тоа би требало да се избегнува, меѓутоа, не и да не се употребува.

Поради тоа сметам дека текстот онака како што е во законот по мене е подобар отколку да се избегнува затоа што може да настане исклучување на материи кои во одреден технолошки процес се неопходни и во затворената фаза немаат било какво агресивно дејство или било какво друго дејство врз организмот на човекот.

Значи, треба да зависи од процедурите, од технологиите итн, одредени материи вие не можете да ги исклучите едноставно.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за господинот Влатко Серафимов, повелете вашите три минути.

**Влатко Серафимов:** Почитуван колега Оровчанец,

Тука не се работи за технолошки процес за проиозводство на одреден вид на производ, туку се работи за технолошки процес при согорување на отпадот.

Технолошкиот процес пред да стане отпад е сосема друга состојба додека испитувањето на материите кои ќе бидат вклучени во технолошкиот процес после рециклирањето на отпадот. Тука се работи за постотпаден материјал, а не како суровина за производство во технолошките операции каде имаме готови супстанци кои при технолошкиот процес се врзуваат и по станувањето на готов производ не се опасни за животната средина. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата и да си ги заземат своите места за што треба да се гласа.

Ги повикувам службите да достават точен број на пратеници присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Сега имаме кворум.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 4, воздржано 1, против 55.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 6, поднесен од пратениците Влатко Серафимов, Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Бајрами, повелете.

**Џелил Бајрами:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман и амандманот станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 2, поднесен од пратениците Влатко Серафимов, Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Бајрами, повелете.

**Џелил Бајрами:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа и овој амандман и тој станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 29 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Бајрами, повелете.

**Џелил Бајрами:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Доколку предлагачот, бидејќи слушнав дека и други колеги имаат амандман во овој дел, ценам дека можеби е добро да дадеше едно кратко образложение како Министерството цени и во колкав процент да биде кауцијата во иднина.

Имено, се работи за амандман на членот 29 во ставот 3, каде при купување на батерии или акумулатори, купувачот му плаќа на производителот кауција која продавачот е должен да му ја врати кога ќе ги врати потрошените батерии или акумулаторите.

Висината на кауцијата се определува во зависност од видот, големината и количина на батерии или акумулатори. Меѓутоа, вели: висина на кауцијата се определува, ниту е кажано која, во зависност од видот, големината и количината на батериите или акумулаторите.

Амандманот е предложен заради тоа што сметам дека треба да се додаде после ставот 3 во новиот став 8, да се додаде дека висината на кауцијата во првите три години од влегување во сила на овој закон, ќе изнесува 15% од висината на малопродажната цена на батеријата или акумулаторот.

Ценам дека во Предлог законот треба да се определи и висината на цената на кауцијата за да нема различни толкувања, пред се, од страна на производителите и продавачите колкава да биде таа нејзина висина, а 15% е со вградена кауција и е доволен мотив граѓаните да ја почитуваат оваа одредба во законот.

Друго прашање е, се разбира, исто така важно зошто и како не е подетално определено што со кауцијата. Дали продавачот во секое време треба да има во својата продавница доволно средства за да ги исплати, доколку во еден момнет, се појават сите оние кои пазареле батерии или акумулатори и дали дел од овие средства ќе можат да се користат за зголемување и подобрување на животната средина, бидејќи ставот 3 точка 9 каде предлагачот се повикува на член 52 став 4 кој вели дека може да се враќа кауцијата, меѓутоа, исклучиво кај истиот продавач.

Гледам дека и предлагачот ќе се јави за дискусија, па можеби ќе ми дозвол на крај да го прочитам членот 57 односно ставот 7 од тој закон. Благодарам.

Затоа почитувани колеги мислам дека 15% вредност на кауцијата е сосема доволен мотив граѓаните да ја почитуваат оваа одредба.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор министерот Бајрами, повелете.

**Џелил Бајрами:** Ние расправаме за член 29 став 2, а не за член 29 став 3. Погрешно читате.

**Љубиша Георгиевски:** Кај мене пишува став 3. Да видиме да не имаме недоразбирање, ништо повеќе.

Повелете господине Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Доколку предлагачот, бидејќи имаме амандман и на ставот 3, веќе водевме дискусија за ставот 3. Така и кај мене гласи. Меѓутоа, ако зборуваме за членот 29 став 2, се разбира дека ќе дадам други образложенија. По овој распоред кој ни е во овој момент, тоа е така.

**Љубиша Георгиевски:** Дајте тогаш да се вратиме, да одиме со ред став 2, па став 3. Ајде сега за став 2, да сме чисти.

**Никола Ќуркчиев:** Зборуваме за член 29 став 2.

**Љубиша Георгиевски:** Така.

**Никола Ќуркчиев:** Ако е така, бидејќи предлагачот кажа дека овој амандман не се прифаќа, ценам дека одредбите што се предлагаат да се бришат се спротивни, почитуван министер, со одлуката за вашата забрана за промет и извоз на метален отпад донесен од Владата на Република Македонија. Со оваа одлука Владата го забрани прометот на метален отпад заради тоа нема потреба од одредбите кои се дадени во ставот 2, а подоцна ќе зборувам за ставот 4 од овој член.

Вашата наредба, јас имам едно прашање до вас, кое е потпишано на ваша иницијатива како министер за животна средина од вас, од министерот за економија, министерот за здравство и министерот за земјоделие. Сакам да прашам дали оваа наредба за забрана на внатрешен промет, откуп и извоз на отпадоци и остатоци на производи од железо, челик, алуминиум, бакар, олово, цинк, калај, бронза и месинг е над законот? И со една наредба да се суспендира законот. Ако е така, тогаш почитуван министер вие треба да ја повлечете оваа наредба за да ние воопшто можеме да зборуваме за овој закон. Додека е оваа наредба во сила, навистина нема смисла да зборуваме за ставот 2 и ставот 4 од овој член 29.

Само да ве потсетам дека во Република Македонија месечно 5.000 тони отпад и суровини се користат во производство во Република Македонија, а исто така 5.000 тони се извезуваат. 40 илјади луѓе живеат од оваа дејност.

Почитуван министер, мислам дека наредбата треба под итно да биде повлечена како би можеле да расправаме за членот 29 став 2 и членот 29 став 4. Во спротивно нема логика додека е на важност вашата наредба од 29 мај 2007 година, воопшто да зборуваме за овие членови. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 4, воздржано 1, против 55.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 3, по новиот став 8, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Бајрами, повелете.

**Џелил Бајрами:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 3, воздржано 1, против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 3, за менување на новиот став 8, поднесен од пратениците Влатко Серафимов, Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Бајрами, повелете.

**Џелил Бајрами:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор е пријавен господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Овој амандман се однесува за кауцијата, меѓутоа, од претходниот предлагач беше со 15%, јас во овој амандман предлагам во членот 29 став 3 новиот став 8 да се менува и да гласи: "висината на кауцијата изнесува 30% од малопродажната цена на батериите и акумулаторите".

Почитуван министер овој процент е ставен за да имаме една усогласеност на пазарите во Република Македонија. Во решението што е ставено во предложениот Предлог на закон стои дека висината на кауцијата се одредува во зависност од видот, големината и количината на батерии или акумулатори.

Значи, ние тука нема да знаеме колкава ќе биде кауцијата кога ќе одиме да купиме еден акумулатор за нашето возило, нема да знаеме колкава кауција ќе биде за да ја платиме на продавачот. Што значи тоа? Тоа значи дека ние ќе имаме една состојба во која продавачите сами ќе си ја одредуваат кауцијата колкава да биде во зависност од пријателството и во зависност од познанството на луѓето. Доколку човекот го знаеме може кауцијата да биде и нула проценти, а доколку јас како жител на Кочани дојдам во Скопје да купам акумулатор, може кауцијата да биде и 100%.

Затоа овој амандман е поднесен за да имаме една усогласеност односно да имаме една состојба во која сите ќе бидат рамноправни на пазарот и потрошувачите и продавачите. Однапред ќе се знае колкава е цената на кауцијата која што треба еден купувач да ја даде на продавачот.

Вака во оваа состојба вие немате направено ниту класификација во зависност од видот, големината и количината на батериiите, немате направено ниту класификација на тоа како средствата кои што ќе бидат собрани од страна на продавачите по основ на кауција, како ќе бидат евидентирани и како ќе се врата тна купувачот.

Затоа предлагам овде да има еден стриктен процент, или вие треба да изготвите со подзаконски акт некоја одредба, која што одредба ќе важи за сите граѓани во Република Македонија, Вака, во ваква состојба оставате еден широк простор на луѓето кои што се занимаваат со продажба на батерии да имаат огромен простор за манипулација со наплатата на кауцијата.

Исто така сакам да кажам дека и не е предвидена евиденција на кауцијата. Дали со евидентирањето на кауцијата ако биде кауцијата изразена процентуално, да имате евиденција при самото продавање на секоја батерија, да имате евиденција каде е отидена и колку е наплатена кауција за таа. Вака вие ќе немате ниту увид на средствата, можеби ќе имате увид на продадените батерии во Република Македонија, меѓутоа нема да имате увид на собраната кауција, која што кауција треба да биде вратена на купувачите. Со самото враќање на истрошената батерија на продавачот истата батерија што ќе биде истрошена и вратена на продавачот, за истата таа треба да се вратикауција. Кауцијата не го обврзува потрошувачот дека треба да купи од истото место повторно батерија, или како што беше да работиме по принципот, како што беше пред 20 години кога немаше фискализација и кога немаше фискални каси, па на парагон блок се запишуваа кауција за шишиња за пиво или за вино.

Сметам дека мора како министерство да изградите став за процентот на наплатената кауција, затоа што само на таков начин ќе имате увид на тоа колку батерии се вратени по основ на кауцијата при продажбата, ќе знаете колкав е рокот и можете да планирате во иднина колкав ќе биде пазарот на тие батерии, дали ќе имате зголемвување, или намалување. Која Ќе биде стратегијата на Министерството. Дали да се намалуваат штетните материи во прометот, или ќе се има некоја друга состојба. Знам дека е и вашиот став на намалување и мислам дека е бесцелно да дискутираме затоа што ако сакаме да работиме треба да се створат услови почитуван претседателе. Вака на ваков начин мислам дека не можеме.

**Љубиша Георгиевски:** Во право сте, јас само инсистирам, ама толку е.

**Влатко Серафимов:** Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За абор се јави господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Навистина не можам да го разберам предлагачот, со кој што навистина се трудиме да воспоставиме сериозни, вистински односи како што доликува, бидјеки сме членови на Комисијата за транспорт и врски и навистина правевме силни напори да го подобриме овој  Предлог на закон, меѓутоа изгледа или ние не ја разбираме оваа материја или минситерот не сака да ја разбере.

Почитуван минситер, кои аргументи да ги покажеме дека грешите? Воведувањето на пазарниодноси во оваа дејност не значи дека еден човек дека знае се. Дали може да ни објасните на нас пратениците колкав е тој процент за кој што вие се залагате. Барем да знаеме каде грешиме. Имаше предлог за 15%, има предлог за 30%, па кој друг клучен економски фактор е битен ако се знае локалниот пазар  за рециклирачки материјали во Република Македонија. Имате ли ситуација во која што знаете каде се се рециклира во Македонија и зошто го воведуваме ова? Сакате ли да зборуваме за некои други односи и работи?

Навистина ги дадовме амандманите со цел да го подобриме овој закон и да направиме се да се подобри ситуацијата во Република Македонија која што е многу жалосна во делот на животната средина. Да зборуваме за тоа кога последен пат е измерена радиактивнсота во Битола, во РЕК Битола, што значи гама радијација и што значи кога ќе дувне ветерот. За што да зборуваме? Кажете кој е ставот на Министерството во однос на ова прашање да ги повлечеме амандманите и нема навистина  никој да се лути. Кажете го вашиот став.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор минситерот Бајрами.

**Џелил Бајрами:** Благодарам.

Во членот 8 многу јасно пишува дека висината на кауцијата се одредува во зависност од видот, големината и количината на батериите или акомулаторите. Ние не можеме однапред да ставиме висина на кауцијата која ќе изнесува 30%, затоа што целта на Министерството за животна средина е да ги намали оваа проблематика со батериите и да изнесува некаде помалку, анекаде можеби и повеќе. Тоа е предвидено во членот 8 и затоа овој амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Џелили.

Има збор господинот Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов**: Почитуван министер, тоа е и нашата цел. Вие рековте во вашето излагање дека во зависност од видот, во зависност од големината, во зависност од квалитетот. Меѓутоа јас ќе ви кажам дека на почетокот дека селективно ќе биде одредувањето на кауцијата. Вие ќе го одредите видот на батеријата и големината. Големината ќе ја одредите по њјазината јачина и се ќе биде во ред. Меѓутоа, еве еден класичен пример. Батерии во малопродажба, алкални батерии за транзистор, за радио за било што , за саат, и ќе одиме да си купиме батерија, колку кауција ќе ми земе продавачот. Ќе се знае колкава ќе биде кауцијата унапред, бидејки со закон ќе биде регулирано 30% од цената на батеријата, ќе биде предвидена за куција на тие батерии. Колкава ќе биде кауцијата за еден акомулатор. Јас ви кажувам, дека до колку сте во едно мало место и до колку го знаете продавачот, кауцијата ќе ви биде 5 денари, а до колку акомулатор треба да купам во Охрид, каде што одам еднаш во годната на одмор, треба да платам кауција 100 евра. За тоа е овој амандман поднесен. Имаше и претходен амандман ЗПК вокој што велите за намалување. Имаше и претходно амандман со иста содржина, во која процентот на кауцијата изнесуваше 15%.  Не е битно дали ќе биде 30%, дали ќе биде 15, или ќе биде 5%. Битно е да има една усогласеност во која што секој потрошувач ќе знае по која цена ја купува батеријата и колку од таа цена му се задржува за кауција. Тоа е целта на овој амандман. Не е целта да направиме зголемвување на цената на акомулаторите, да има посебни давачки целта е тие пари да бидат вратени на купувачот, меѓутоа на купувачот. Дали ќе бидеме ние обврзани при секое купување на нова батерија, ние да бидеме обврзани да купуваме од еден единствен продавач, бидејки таму ми лежат пари, а во согласност со тоа колкава ќе биде цената на батеријата и ако биде кауцијата 2 пати поголема, јас сакал илине сакал, да рече немам пари да ти вратам купи  батерија од тука.

Мислам дека овој амандман е поднесен со таа цел.

И претходниот амандман беше со иста цел и намена, само процентот на задржување на кауцијата беше 15%. Вие во последниот став имате висината и начинот на плаќањето на кауцијата како ќе се реализира и реализација на системот на на прием и откуп на истрошените батерии, меѓутоа тоа е друга работа.

И со подзаконски акт министерот е должен да го организира приемот и откупот на истрошени батерии меѓутоа, тука станува збор за кауцијата. Каузијата што ја плаќа купувачот. Тоа е битно за да имаме една усогласеност, а без разлика од каде јас ќе купам батерија за мојот апарат. Цената на батеријата ќе си биде една, а кауцијата ќе биде друга. Кауцијата ќе биде унифицирана, протенцуално изразена врз основа на цената која што е формирана на батеријата. Тука ќе имаме една унифицираност на цела територија на Република Македонија да имаме една единствена цена за кауцијата на батериите која што ќе се наплаќа. Блгодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставамна гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните рпатеници во салата).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата ид а ги заземат своите места затоа што треба да гласаме.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата ид а ги заземат своите места затоа што треба да гласаме.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните рпатеници во салата).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата ид а ги заземат своите места затоа што треба да гласаме.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници од кои за гласале 2, воздржани нема и против 56 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворма претрес по амандманот на член 29 за менување на став 4 поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот Бајрами.

**Џелл Бајрами:** Амандманот не се прифаЌа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави господинот Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам господине претседателе.

Мислам дека и мене и на предлагачот ни е доста од тоа зошто треба или зошто не траба.

Почитуван минстер може ли да се знае кога ќе ја симнете наредбата за забрана на внатрешен промет, откуп и извоз на отпадоци и остатоци на производи од железо, челик, алуминиум, бакар, олово, цинк, калај, бронза. Имено се додека е во важност оваа ваша наредба со која го суспендирате законот, дали е тоа можно, не е мое да ценам и дали требало така да биде, тоа ќе го кажат 40 иљјади луѓе кои штрајкуваа во овој изминат период, имаат најавено штрајкови утре и задутре, се надевам дека денес ќе го донесеме законот, дека Ќе биде повлечен од наредбата и нема да дојде до тоа. Меѓутоа, само ако го прочитате ставот 6 кој вели дека министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите во областа на животната средина, ги пропишува начинот и постапките на прометот и употребата, начинот на означување и тн.

Што да почнуваме, ова што го пишува во законот, или ова што го има во наредбата?

Затоа, почитуван министер, мислам дека итно треба да ја повлечете наредбата и да зборуваме ние пратениците за законите кои се на дневен ред во ова Собрание. Додека последната реченица, сите оние ваши советници кои ве советувале, да знаете дека сериозно грешеле. Ќе зборуваме после месец или два каде начинот на реализација на системот за прием или за откуп, како и висината и начинот на плаќање на кауцијата ја определувате вие. Ќе биде мошне интересноресно да го видиме и тоа чудо.

Дали можете да ни ојбасните кога ќе биде симната наредбата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор министерот Бајрами.

**Џелил Бајрами:** Со донесувањето на овој закон многу брзо ќе се укине забраната.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има повторно Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Јас ќе го повлечам амандманот, ако е тоа вистина. Тоа значи, јас се надевам законот ќе го донесеме денес и дека денес ќе биде симната наредбата.

Во ваков случај како што изјави министерот, го повлекувам амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 41-а по членот 40, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Џелил Бајрами:** Амандманот не се прифаќа од причина што увозот на отпад мора да биде контролиран и да се знае секој отпад каде завршува и за што е наменет. Затоа не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандмаот.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам,

Почитуван министер, апсолутно се согласувам со вас, меѓутоа не случајно предлагам да има еден нов член во законот 41-а во кој ќе кажеме дека ова важи освен за корисниот, односно неопасниот отпад.

Мислам дека на овој начин ќе се симнат сите злоупотреби кои во овој момент може да дојдат, од една страна.

Согласно европските правила за тргување со неопасниот корисен отпад кој служи како секундарна суровина за преработка, секаде во светот па и кај нас важи таканаречениот ЛБ режим за надворешен трговски промет. Затоа предлагам одредбата од став 1 на член 106 да се измени, бидејќи е спротивна со еврпските директиви. До колку остане вака, како што е

предложено, тоа значи дека ние директно се мешаме и во Базелската конвенција која го третира пак членот 105, со што навистина ние воведуваме нешто што е спротивно на европските директиви.

Бидејќи Базелската конвенција е ратификувана во септември 1997 година која вели дека целосно признавајќи дека секоја држава има суверено право да го спречи влегувањето и складирањето на странскиот опасен отпад на својата територија, значи зборува само за опасен отпад, не зборува, како што веќе кажавме за секундарните суровини односно за неопасниот корисен отпад, а Република Македонија во овој момент, само една компанија увезува 5 илјади тони месечно корисен неопасен отпад. Ценам дека во интерес на сите нас, во интерес на развојот на стопанството на Република Македонија, добро е да биде прифатена оваа сугестија која суштински ќе го смени појаснувањето на членот 106 од овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Почитуван министер, јас би бил попрактичен во објаснувањето на овој амандман. Имено, рециклажот на отпадот е една од највносните во иднина, процеси кои во секоја држава, со посебни закони или со посебни бенифиции се поттикнуваат преработувачите на отпадни репроматеријали или суровини да го користат овој процес и според тоа, почитувајќи ги интенциите на Владата да поттикнува инвестициони циклуси со посебно стимулирање, отворање или развој на мали претпријатија.

Се поставува прашањето, зошто еден ваков интересен процес кој и те како се исплаќа од финансиски аспект во голем број развиени држави, се занемарува од наша страна. Значи јас очекував и во законот да постојат одредби во кои ќе се стимулираат идните корисници на ваков отпаден материјал за рециклажа или преработка во полусуровини, а на овој начин се става бариера за увоз на дополнителни такви репроматеријали.

Јас само би поставил еден практичен пример за да ни биде појасно.

Денес во светот, а и во Република Македонија најинтересен бизнис кој во иднина ќе се развива е преработката на био гориво. За тие потреби Мак Петрол или други помали претпријатија веќе инвестираа во одредени капацитети. За жал, репроматеријалите или суровината која се користи сеуште е недоволна во Република Македонија и голем дел на потенцијални инвеститори, со сигурност ви тврдам дека размислуваат како да воспостават мрежа за увезување на отпаден материјал во Република Македонија за преработка на ова и добивање на био гас или био дизел. Значи тоа се посебни процеси.

Јас ви тврдам дека на овој начин несакајќи ќе предизвикате непотребна бариера во Република Македонија за поттикнување на овој вносен бизнис кој во иднина ќе има добра подлога во Македонија.

Јас уште еднаш би ве замолил да размислите, најопасно нешто во целава работа е воведување на опасен отпад или радиоактивен отпад за кој пишува во предлогот на амандман дека тој се иззема и веќе ние донесовме одредени уредби за превоз и одредена заштита на опасни материјали во кои постојано се контролира нивниот проток во постојната сообраќајна мрежа во Република Македонија, тогаш минимална е опасноста од внесување на овој опасен отпаден материјал. Значи тој го изземаме ние. Но, другиот отпаден материјал и те како може да биде добар бизнис при неговата обработка. Значи ако станува збор за органски. Ако станува збор за неоргански, тогаш имате пластичните маси за обработка со рециклажа, хартијата и сите други суровини. Во рударството исто така е потребно да се внесуват, или да се извезува, или да се увезува за потребите на технолошките процеси.

Јас би ве замолил уште еднаш да размислите, дали ова мое објаснување е прифатливо, или не е прифатливо. Мислам дека непотребно ставаме бариера во законот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор министерот Бајрами, повелете.

**Џелил Бајрами:** Почитуван пратениче, јас зборувам за контрола, вие зборувате за забрана.

Добро е тоа што го кажавте за Мак Петрол.Ние само сакаме да контролираме каде тоа ќе заврши. Во тоа е разликата. Значи ние не забрануваме. Ние сакаме да ги контролираме овие работи.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 2, воздржани 2, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 43, поднесен од пратениците Влатко Серафимов, Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Бајрами.

**Џелил Бајрами:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман и тој станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 48, поднесен од пратениците Влатко Серафимов, Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Бајрами.

**Џелил Бајрами:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин министер, јас можам да кажам дека во оваа амандманска расправа, дел од амандманите што беа поднесени од нас како предлагачи, имавте разбирање да ги прифатите и сметам дека тие амандмани ќе го подобрат текстот на законот.

Меѓутоа, сметам дека во членот 48 кој се однесува на член 126 од постоечкиот Закон, во кој инспекциски надзор над примената на овој закон, во делот на незаконското оставање, фрлање, напуштање или неконтролирањето и отстранувањето, како и согорувањето на отпад на отворено, вршат општинските комунални инспектори, општините на Градот Скопје и Градот Скопје.

Почиуван господин министер, имајќи предвид дека јавните претпријатија кои стопанисуваат со отпад и кои се задолжени за собирање на отпадот во општините, се формирани од самата општина. Во тој случај инспекциските органи се формирани исто така и се под ингеренции на градоначалникот на општината. Тогаш доаѓаме до една колизија каде, едноставно кажано, општините треба сами себеси да се контролираат, или доаѓаме до еден принцип на самоконтрола. Сметам дека на ваков начин ќе дојдеме до една состојба во која ниту општинските комунални инспектори не ќе смеат да поднесат пријава на одговорното лице и на јавното претпријатие, ниту пак јавните претпријатија и одговорните лица ќе ги слушаат наредбите и ќе ги спроведуваат решенијата поднесени од комуналните инспектори. Затоа, почитуван министер, имаме одредби каде во единиците на локалната самоуправа треба да се формираат, треба да опстојат и треба да имаат инспектори за животна средина. Во тој контекст, ако една заложба од поранешниот состав на Министерството во која контролата што ќе ја имаат републичките инспектори за животна средина врз инспекторите за животна средина на локално ниво, ќе се воспостави еден механизам кој контролен механизам ќе биде во однос на подобрување и врз спроведување на заложбите кои ќе бидат од страна на Министерството донесени и заложибите што ќе мора надлежните јавни претпријатија за стопанисување со отпад, односно кои се грижат за остранување на отпадот во општините ќе имаат поголема контрола и ќе можат поефикасно да се решаваат овие проблеми. Затоа предлагам со овој амандман да се направи поефикасна контрола врз незаконското оставање, фрлање и согорување на отпадот. Таа контрола да ја превземе или државниот комунален инспекторат, или општинските инспектори за животна средница, или по ново, овластените инспектори за животна средина, се со цел, да има еден контролен механизам за да не може да дојдат во ситуација единиците на локалната самоуправа сами да се контролираат при согорувањето на отпадот. Самите знаеме дека при согорувањето на отпадот имаме најголеми канцерогени состојки кои директно влијаат врз здравјето на луѓето и врз животната средина. Затоа, со овој амандман, почитуван министер, предлагам контролниот механизам да се преземе во рацете на државниот комунален инспекторат, или кај овластените инспектори за животна средина кои ќе бидат под директна надлежност државните инспектори за животна средина. Само на еден таков начин, со еден таков контролен механизам ние ќе дојдеме до подобрување на собирањето на комуналниот отпад и ќе придонесеме за заштитување на животната средина.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги ценам дека навистина ова е еден амандман кој што колегите кои што го поднеле ценеле дека без една систематска акција не може да се направи нешто посериозно во Република Македонија, особено во делот на мониторингот и спроведување на законската регултива кај нас. Јас се приклучувам кон нив, заради тоа што ценам дека навистина мора да се направи еден таков, би рекол целисходен систем за чување и добивање пред се на податоци, односно информации, бидејќи до колку се знае дека за да се биде ефективен во делот на управувањето и спроведувањето на адекватни процедури, особено ние кога сега носиме вакви законски регулативи, треба да имаме предвид три елементи.

Првиот елемент е издавањето на дозволи кој што е во рацете на Министерството за животна средина и министерот. Мониторингот и инспекцијата која што е поделена работа и е можеби најслабата карика во овој дел во Република Македонија и допрва ние ќе видиме дека тука мора многу нешто да се сработи. И се разбира третиот дел се акциите за санкционирање за оние кои што не ги спроведуваат прописите во Република Македонија. До колку амандманот се повикува и сака да го подобри членот 126 од постојниот Закон, само ако го видиме ставот 3 во кој што се вели дека работите од надлежност на општините и Градот Скопје, иако сите знаеме колку општини имаме во Република Македонија. Министерот можеби најдобро знае дека секоја десета општина во Република Македонија има општински

инспектор кои што би требало да бидат овластени за да вршат надзор врз животната средина во општината и особено поголемите центри, или поголемите општини кои што во овие изминати година и година ипол освен претпоставувам напомени од страна на министерот, односно Министерството дека треба да имаат назначено задолжително и да имаат овластени инспектори за животна средина, во тој дел нема ништо посериозно направено. Меѓутоа, инспекцискиот надзор на примена на овој дел, особено во делот на создавање и селектирање и пакување на медицински отпад во Република Македонија, јас мислам дека е рак рана за која што ниту овој закон, ниту во Министерството, ниту во Државниот санитарен и здравствен инспекторат знаат што се случува во Република Македонија. И тоа треба јавно да го признаеме ние, заради тоа што јас не можам сеуште да поверувам дека во Република Македонија не постои инвентар на медицински отпад. А носиме закон во 2007 година, и очекуваме извештај од Европската комисија за месец дена. Нормално е дека сите се прашуваат дали воопшто постои било каков подзаконски акт за медицинскиот отпад во Република Македонија во делот на правилник, уредба, упатство и тн., што со медицинскиот отпад по општините во Република Македонија. Зборувам за цврстиот медицисnки отпад, за течниот како што веќе во една прилика зборував, за плазмите, биохемиските лабораториски отпади, за крвта и тн. воопшто не може да стане збор во Република Македонија. За токсичниот медицински отпад за кој што читавме пред некој месец дека сериозно е нарушен и во делот на Ургентниот центар, па дури и пограничните премини. Исто така Министерството нема ниту една уредба за тоа како и на кој начин да се справиме. За хируршкиот отпад исто така, за радиоактивниот медицински отпад исто така и тн. Затоа почитуван министер, ценам дека мониторингот во делот на спроведувањето на овој закон особено велам во членот 126 кај надлежните органи треба со особено внимание да биде применет и со еден сериозен пристап од ваша страна до сите општини во Република Македонија.

Од тие причини, јас го поддржувам амандманот поднесен од колегите.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Се јавувам по однос на еден коментар за овој амандман со една единствена цел, значи да му укажам на министерот дека од практичен аспект постојат повеќе проблеми при реализација на еден закон. Значи, можете идеално да го напишете законот и може тоа кога ќе се чита текстот на законот и логично така да биде. Но, во пракса при имплментацијата особено во Република Македонија наидуваме на море на проблеми. Конкретно, за овој член на законот, значи вам ви е добро познато дека територијалната распределба на Република Македонија на нови општини е таква каква што е. Некои општини се со поголема економска моќ, некои се со помала, а некои се навистина со слаба економска моќ и кубурат од аспект на пополнување на административниот потребен кадар со море на проблеми, бидејќи не можат да ја пополнат систематизацијата и да имаат овластени комунални инспектори. Или пак оној комунален инспектор кој што ја покрива таа територија која што е огромна, бидејќи станува збор за рурално подрачје, не може ниту временски, ниту пак просторно да одговори на неговите задачи. Значи, конкретно јас го поставувам прашањето. Што ќе се случи ако на пример една огромна општина како што е Прилеп сметот, или отпадот незаконски го складира, или го остава на отворено подрачје во соседната општина Долнени кои што граничат една со друга. Значи, Долненската општина има многу помал број на население, а има голема територија во кое што јас не сум сигурен дали градоначалникот има поставено општински комунален инспектор. Но, посебно е чувствително до колку добијат помош од соседната општина Прилеп во утврдување на фактичката состојба со складираниот отпад и тој сега треба да биде подигнат и складиран на друго место. Од практични причини амандманот е добар, бидејќи вашите републички инспектори се вклучуваат во тоа да може во овластени депонии, значи за градежен шут, или некој друг дефиниран отпад да може да се складира тоа. До колку нема координација, јас ве уверувам од практичен аспект секој ќе си се прогласи за ненадлежен, а тие општини кои што имаат слаби административни капацитети да ја покриваат таа територија ќе станат за брзо време отворени депонии во кои што секој ќе може да складира и се разбира од еколошки аспект да бидат доста оштетени. Значи, овде амандманот треба да го сфатите во функција на подобра координираност од страна на државните, или републичките комунални инспектори кои што треба во даден момент навистина да пресечат и да укажат кога, каде и како тој отпад да се отстрани контролирано и каде да се складира. Така што мислам дека би требало од практични причини да се размисли, да се прифати овој амандман до колку постои таа волја би го подобрила текстот на законот драстичнио.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, за гласале 4, воздржано 2, против 57.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 60-а по членот 60, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Бајрами.

**Џелил Бајрами:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се прифаќа и според тоа тој станува составен дел од законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам, претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пртеника, за гласале 61, воздржан 1, против 1.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад.

Процедурално, господинот Оливер Шамбевски.

**Оливер Шамбевски:** Ви благодарам господине претседателе.

Имајќи предвид дека Предлогот за изменување и дополнување на Законот за ловство го ставивме на оваа седница по итна постапка на 2 јули 2007 година. Исто така, имајќи предвид дека во меѓувреме се случија големите пожари во државава, така што состојбата со ловниот фонд во Република Македонија е уште подраматична. Јас барам поддршка од 10 пратеници согласно член 74 став 2 од Деловникот оваа точка да ја расправаме како наредна, односно како 16-та точка на дневниот ред.

**Љубиша Георгиевски:** Има поддршка од 10 пратеници.

Предлогот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме, Законот за ловство да се разгледува како 16-та точка.

Вкупно гласале 55 пратеници, за гласале 54 пратеници, воздржано 1, ротив нема.

Значи предлогот е прифатен.

Значи Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водните заедници, со Предлог на закон од точка 16 станува точка 20. Точката 20 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ловството станува точка 16.

Не е рокада. Се извинувам.

Значи Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ловството станува точка 16, а се друго си останува сукцесивно како што си е предвидено во оригиналниот дневен ред.

**Минуваме на точката 20 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ловството.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Предлагачите на законот поднесоа амандмани на член 1, на воведната реченица и за додавање три нови членови 5-а, 5-б и 5-в по членот 5 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Јани Макрадули поднесе амандман на член 3 во новиот член 14-а по кој претставникот на предлагачите не се произнел.

Отворам претрес по амандманот на член 3 во новиот член 14-а, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесат.

Има збор претставникот на предлагачите, господин Оливер Шамбевски.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам претседателе, овој амандман не се прифаќа од причина што до колку биде прифатен, тогаш товарот за надомест на штетата би паднал на ловните друштва наместо на државата, а тоа не е основната интенција на законот. Од таа причина овој амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не се прифаќа.

За збор се јави господин Ацо Киров. Повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, претседателе, иако поминаа веќе 2-3 месеци од поднесувањето на овој Предлог закон, односно иницијативата на група пратеници предводени од колегата Шамбевски, сепак, ќе се погрижам да го кажам тоа што сакав да го кажам и пред неколку месеци, а се однесува на амандманот кој го има поднесено колегата Јани Макрадули во членот 3 да се избришат зборовите “и волкот”. Во што е работата? Факчички со овој Предлог закон се заштитуваат животните кои се заштитени со закон, меѓу кои влегува и волкот. Не знам дали има план, програма или пред се тоа што ги интересира сточарите дали има одредено согледување на оваа состојба. Знам дека амандманот нема да се прифати, ќе помине така како што предлага Владата, односно групата пратеници, а дали е пресметано колку би се плаќало за едно уништено говедо од волк, или тоа допрва во наредниот период ќе се планира и ќе се утврдува цена што ќе се плаќа.

Според тоа што го читаме и што е кажано или го знаеме, во последно време и ние што сме во Комсијата за земјоделство, но и од печатот секојдневно имаме сознанија дека волкот во многу земји во Европа е заштитен, односно не

смее да се уништува од страна на ловџиите или месното население кое има дозволи за поседување и носење на оружје да се застрелува. Во Македонија не е ист случајот, затоа што сите знаеме не само во зимски период, во длабока зима, туку и во рана пролет или доцна есен исто така сточарите имаат сериозни проблеми за заштита на своите грла од волци. Јас доаѓам од струмичкиот регион каде што може да делуваат овие животни односно волците на планината Беласица и Огражден, а во Западна Македонија верувам дека уште повеќе ги има затоа што има пострмни делови каде што може повеќе да се размножуваат овие животни. Што сакам да кажам? До предлагачите тоа е моето прашање, а потоа ќе кажам што мислам, дали е пресметано односно дали се издвоени средства и дали е направен план за надомест за грлата што ќе бидат нападнати и раскинати од волците. Тоа е едната работа. Исто така, како ќе оди тоа, бидејќи во зимски услови знаеме дека многу терени ќе бидат непристапни. Според моите сознанија во секојдневната пракса, знам дека еден дел од говедата се напаѓани од волците во повисоките делови, а добар дел од овие животни доаѓаат и до самите села, до населените места, додека еден дел, верувале или не, доаѓаат и се симнуваат до самите грла односно до населените места. Тоа можеби не се случува во длабока зима кога е најстудено и најлошо времето, туку се случува и во подоцнежен или поран период кога не е се покриено со снег. Значи имаме сериозни проблеми, а во разговори со ловџии и ловни друштва разбрав дека тие се против овој Предлог закон за да биде волкот како заштитено животно, па затоа го пренесувам нивниот став, без разлика што имам сознанија кои зборуваат дека волкот во некои соседни земји или поточно кажано во Европа е ретко животно кое е заштитено со закон. Затоа се јавив за збор да го поддржам амандманот на колегата Макрадули, ги кажав моите ставови, за тоа реагираа и ловните друштва и ловџиите, а реакција на овој Предлог закон имаат и самите сточари. Тие се животно заинтересирани. Колегата Шамбевски веројатно ќе ми даде некое објаснување на мене и на јавноста, на овие луѓе кои се заинтересирани за тоа, што во овој период односно зимата што доаѓа, ако дојде до тоа до кое не треба да дојде да се направи, односно ако бидат оштетени, нападнати и искасапени говедата на сточарите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Оливер Шамбевски.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам господине претседателе.

Токму причините кои што ги наведе почитуваниот колега Ацо Киров, токму од тие причини го предложивме овој закон. Значи ситуацијата е таква каква што е, значи напади од волци во нашата држава во однос на стоката која што ја одгледуваат постојат, но до овој момент бидејќи волкот не беше прогласен за заштитено животно, целата штета од ваквите напади ја поднесуваа сточарите сами. Од овој момент натаму Македонија ќе се вброи во друштвото, така да речам, на европски цивилизирани земји, бидејќи според една информација само во Македонија и Казахстан волкот не е заштитено животно, додека во сите останати европски земји е заштитено. Штетите што волкот ќе ги направи на територијата на Република Македонија, штетите во сточарството, после усвојувањето на овој закон ќе ги поднесува Република Македонија, како што тоа во моментот го прави за штетите кои ги прави рисот, мечката итн. Токму од овие причини ние го предложивме овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Има збор господин Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Благодарам претседателе.

Во име на пратениците кои го поднесовме овој закон само накратко, како што кажа колегата Шамбевски, Македонија е една од ретките земји каде што оваа врста на дивеч, волкот, се уште е незаштитен и може да се лови по досегашниот закон на секое место со секое средство, значи секој може да го убие волкот и со тоа сме доведени во ситуација да дојдеме волкот да биде истребен и од територијата на Македонија. Иако моменталната бројна состојба на волкот во Македонија е релативно стабилна, доколку ние како држава не преземеме одредени мерки за заштита на популацијата на волкот, може да се најдеме во бројот на оние земји каде волкот со долги години е истребен.

Затоа, со давањето на статус на волкот како заштитена дивеч ќе добијат и сточарите, значи ќе им биде исплатена штетата, ќе знаеме на кои локации и во кои општини има повеќе волци, каде има повеќе штета, ќе биде организиран отстрел таму каде што има поголема бројност на волците. Едноставно велам ќе мора да се врати рамнотежата и балансот во еко системот во Македонските шуми. Затоа, ова е една појдовна точка од каде што треба да се изготви еден добар план за стопанисување со волкот во Македонија, да се одреди неговата точна бројна состојба, да знаеме колку волци во која општина има и да не се плашат сите оние кои зависат од делувањето на волкот, пред се сточарите, бидејќи штетата која ќе биде причинета од волкот ќе им биде исплатена по оценка на комисиите кои ќе излезат на лице место каде ќе биде установена штетата и ќе биде исплатена по пазарна вредност.

Уште еднаш би апелирал до сите пратеници да гласаат за овој закон и Македонија да влезе во друштвото на сите европски земји каде што волкот е заштитен. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Љубисав Иванов Ѕинго, повелете.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Јас мислам дека предлагачот на законот мора многу подетално да

размисли, да не се споредуваме со европските земји, затоа што таму волкот одамна е отстранет, истребен и тие проблеми ги нема колку што се кај нас огромни тие проблеми. Волкот е многу намножен, големи штети се прават. Волкот е такво животно кое што не лови само за да го задоволи својот апетит, туку практично се појавува како уништувач, колку што може да удави тој дави.

Според тоа, искуството досега покажа, со самото тоа што се укинаа наградите за отстрел на волкот, тие до таа мера се намножија што веќе напаѓаат и ловни кучиња и други кучиња, веќе навлегуваат и во градовите. Скоро во некои градови уништуваа ловни загари, уништуваа животни и ако сега уште и ги заштитиме со тоа што некои велат дека државата ќе ги надомести штетите, ние со самото тоа го оштетуваме општеството, а од друга страна штетите нагло ќе пораснат. Така, од еден закон ќе создадеме можност сточарите да претрпуваат огромни штети, а исто така ги обескуражуваме да го развиваат сточарството. Мислам дека предлагачот на законот од практични причини, реално и објективно она што се случува во нашата држава, не треба со овој закон да ги заштитуваат овие штеточини. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Јас ќе бидам пократок, бидејќи дел од тоа што мислев да го кажам, го кажа господинот Ѕинго. Кога се јавив за збор по амандманот го прашав господинот Шамбевски дали има сознанија околу цената, но тоа е друга работа и за тоа ќе видиме понатаму, веројатно е во процедура тоа да се одреди по пазарни услови, за што кажа колегата Панче Дамески, и тоа е во ред. Но после дискусиите на колегите Дамески и Шамбески сакам да прашам дали ние како држава, а ги прашувам нив бидејќи се подносители на иницијативата за донесување на овој закон, имаме сознанија отприлика, бидејќи секогаш не можеме да имаме точна бројка, значи прашувам отприлика, колку волци имаме во Македонија. Зборувам за Македонија, но и колку има во Струмица и во Западна Македонија, веројатно овие податоци доаѓаат како статистички податоци или податоци од секојдневието, од ловните друштва. Ако имаме одредена бројка, со кој интензитет ако не ги уништуваме, односно ако се забрани отстрелот на волците, со кој интензитет во наредниот период ќе се плодат. Колку што имам сознанија, една волчица - колегата Панче Дамески бидејќи е од оваа струка точно знае - еднаш или два пати има младенци и по 3-4 волчиња. Ние треба да знаеме колку имаме отприлика, кој ќе биде интензитетот на расплодувањето, како што кажа и колегата Љубисав Иванов Ѕинго, фактички и тој го поддржува амандманот и е против Предлог законот за ставање на волците во заштитени животни. За да не дојдеме во некој период - сега јас се збунив малку, колегата Панче Дамески кажа дека во некој период ќе се врши отстрел на овие животни, па оттаму со извршувањето на отстрелот ќе знаеме колку волци ќе има во тој дел, Струмички, Тетовски, Беровски регион итн.

Колегата Панче најверојатно ќе се јави после мене и ме интересира да знам, бидејќи забрануваме ловење и уништување на волците, а тој спомна отстрел. Бидејќи не сум стручњак од оваа област, заинтересиран сум и сакам да знам кога веќе забрануваме, дали има посебен период и посебни зони кога ќе се врши овој отстрел на животни.

Да не го повторувам она што го кажа колегата Ѕинго, можеби во некои земји воопшто го нема волкот и имаат таков закон, но ако ние одиме по некои стандарди и европски закони, ако имаме волци како што кажав пред малку дали знаеме колку имаме и сега го забрануваме ловот, мислам дека е преурането и колегите пратеници не би требало да го поддржат Предлог законот, затоа што треба да се направи претходно една анализа, а не само да го изгласаме бидејќи е европски закон или во некои земји како што беше речено го нема волкот, бидејќи во Македонија волкот го има бројчано повеќе од било која западно-европска земја и затоа треба да се направи анализа, тоа треба да се простудира пред да се донесе законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Панче Дамески има реплика, повелете вашите три минути.

**Панче Дамески:** Само на кратко, за информација на колегата Киров. Во Македонија според територијата што ја поседува, забележаните глутници на волци, бројот на волци во Македонија е некаде 700-800 единки, што е релативно стабилна популација за територија како Македонија. Меѓутоа, секаде онаму каде што ќе има штети поголеми, министерот за земјоделство ќе организира контролиран отстрел на волкот. Од сега отстрелот на волкот ќе биде контролиран на оние локалитети каде што неговата популација ќе биде толку голема што ќе прави многу поголеми штети. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Има ли контра реплика? (Нема)

Има збор господин Александар Николоски, повелете.

**Александар Николоски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Јас сум еден од подносителите на овој Предлог за донесување на закон и она што би сакал да кажам е дека ние појдовме од една исклучително благородна идеја кога го поднесувавме предлогот, а тоа е да се заштити овој вид на дивеч кој е пред изумирање и кој што е пред истребување во Република Македонија, заради тоа што на база на објаснување дека се работи за

штетен дивеч, односно дивеч кој напаѓа домашни животни итн, практично се случуваше едно масовно истребување на волкот и се случи во Република Македонија да се доведеме во ситуација - еве, тука и ќе го кажам бројот за колегата Ацо Киров, значи имаме некаде околу 800 волци вкупно во Република Македонија во моментов, што е исклучително мала бројка и можеме за само неколку години односно за година или две можеме да се доведеме до ситуација волкот да го сведеме на бројката на рисот, на бројката на еленот или на срната која што во моментот ја има Република Македонија.

Она што е исклучително карактеристично што се отвори како прашање во однос на штетите, е следново. Ќе дадам пример. Доколку во моментот има некое бачило кое е нападнато од волк и доколку волкот уништи 10 јагниња, тогаш тие нема да бидат надоместени од никого освен ако не се осигурани.

До колку се прифати овој предлог што ние го поднесуваме, тогаш за секоја уништена глава односно за секое уништено грло надокнада ќе даде државата. Тоа значи дека државата застанува во заштита на домашните животни нападнати од волкот, до кколку и има такви.

Вака постигнуваме два ефекти. Првиот ефект е дека го заштитуваме волкот од истребување и вторито ефект е на оние граѓани кои имаат домашни животни кои евентуално ќе бидат нападнати им се рефундираат средствата односно им се плаќа за штетата за која сега не им се плаќа заради тоа што волкот не е заштитен.

На крајот на краиштата јас би сакал сега да зборувам генерално,ние мора да градиме една стратегија на однос спрема она што е околу нас. Тесните размислувања за она што е корисно за нас да ги прошириме на средината во која живееме, на околината во која живееме заради тоа што,до колку не внимаваме на нашето опкружување, на природата, многу лесно може повратно да ни се врати.

На крајот ќе повторам она што најмногу поведе тука интерес, она што најверојатно најмногу ги интересира граѓаните, оние кои веројатно имаат домашни животни, имаат јагниња, имаат овци, имаат бачила дека до колку се случи да се усвои овој закон било кое од животните да биде нападнато односно уништено заради напад на волк, тоа ќе го рефундира државата однсоно државата ќе застане зад тие трошоци.

До колку се прифати амандманот на колегата Киров тоа ќе го немаме, одговорнсота се префрла на друго место, се префрла на ловните друштва и така ќе имаме една конфузија во целиот концепт.

Нема повторно да земам збор, би ги повикал колегите да гласаат за законот, а исто така да не се прифати амандманот заради тоа што вака имаме идеално добро решение. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Му благодарам на колегата Александар што дообјасни некои работи кои јас ги прашував нив како предлагачи. Сето тоа го сваќам и го знам дека,како што велат, секое грло што ќе биде нападнато ќе биде рефундирано, платено. Тоа е во ред.

Но, колега Николовски јас не знам како е законот понатаму, вие рековте дека едно бачило ако биде нападнато од волци и бидат уништени 10 јагниња, ако не се осигурани државата нема да го надокнади, во овој случај, со овој закон ќе се надокнади.

Бидејќи сте предлагачи на законот, уште еднопрашање ќе поставам до вас, што ако биде нападнато бачилото или бидат нападнати 10 говеда и уништени, а тука е сопственоит и има пушка, дали ќе треба да гледа или да пука на волците? Што би се случило во тој случај ако тој пука на волците, а волкот е забранет.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Исклучително интересно прашање. Самоодбраната е соодветно третирана така што секој апсолутно има право на самоодбрана. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави Љубисав Иванов Ѕинго, повелете, вашите три минути.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Не знам како младиот колега ги избројал волците. Чекајте луѓе, годишно се убиваат по 500 волци, пак е полна државата. Сега има волци насекаде и тука во Парламентот, чекајте, кога во природата рамнотежата се нарушува нема заштита никаде. Со волци не се оди во Европа. Некој рече дека ние треба да бидеме Европа заради волците. Тоа се сериозни проблеми и затоа се обратив до предлагачите на законот да го сватат овој проблем како сериозен затоа што сточарите имаат огромни проблеми. Се прават огромни штети.

Тоа што се кажува дека државата ќе ја надокнади штетата, тогаш зошто државата да ја оштетуваме. Јас разбирам ако ние со тој број навистина дојдеме во ситуација кога, ако се продлжи со ловот на волкот, ќе се поремети таа рамнотежа, па да го заштитиме, но сега не е тој случај. Ние, само во тој регион, во Осоговскиот масив имаме огромен број на волци. Прави волци. Големи штети имало до сега и не е потребен инает во оваа работа. Кога ќе носиме вакви закони ние губиме углед и авторитет кај нашите галсачи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има контра реплика? (Нема)

За реплика се јави господин Иван Анастасовски.

Вашите три минути господин Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Не се надевав дека ќе имаме толку интересна дебата за волците, а некни бев со синот во Зоолошка градина таму не ги видов, а не знам каква е состојбата во шумите со волците сега после пожарите.

Но, ајде да се сконцентираме на оваа расправа која веќе стана толку динамична, внимателно го слушав еден од предлагачите, младиот колега Алекснадар кој даде свое образложение и условно не повика да гласаме за ова законско решение.

Јас го почитувам тоа што овој предлог доаѓа од колеги пратеници, но би им сугерирал да размислат и за прифаќање на овој амандман кој е поднесен од пратеникот Јани Макрадули можеби малку ќе го освежат самиот текст на законот.

Меѓутоа добро го слушнав колегата, тој во своето објаснување и фактите кои ги изнесе овде пред нас пратениците во Собранието рече дека во принцип државата ќе врши исплата на обештетување ако условно настане одредена штета. Претпоставувам и барам едно дополнување, како предлагачи направиле сериозна анализа и сериозни консултации со сите институции на кој начин ќе може државата да востанови штета која евентуално би настанала од, условно речено, волците и затоа за да бидам на чисто, бидејќи реално размислувам во подршка на овој амандман, а и на законот да бидам искрен во поддршка на законот, бидејќи го ценам трудот на нашите колеги пратеници, како би можело државата да востанови на кој начин би била таа реална штета направена од волците. Може секој граѓанин условно да пријавува штета и на некој начин да се направи хаос во државата. Јас размислувам превентивно и затоа би замолил дополнително, ако може, да ми се каже како би можела, дали одредена комисија, на кој начин би се утврдувало тоа. Предлагачите сигурно врз база на одредени анализи го имаат предвидено и во ова решение, бидејќи во спротивно јас размислувам и во поддршка на овој амандман поднесен од колегата. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика една минута за Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски**: Претседателе, значи има многу аргументи кои држат, веројатно и колегата Макрадули е за истиот амандман, ние како предлагачи решивме да го прифатиме амандманот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Значи амандманот е прифатен и станува дел од предлогот на законот.

Господине Макрадули барате збор?

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот и земете збор затоа што до сега водевме расправа по амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор бара господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Да се вклучам во расправата.

Прво, од деловнички аспект.

Имено, предлагачите на овој закон нашите колеги што се овде потпишани, мислам дека се само од ВМРО-ДПМНЕ, не знам дали некој друг е приклучен, се извинувам, самите напишале дека за спроведување на овој закон се потребни, претседателе ве молам бидејќи е деловничка интервенцијата, самите наши колеги напишале дека со спроведување на овој закон се потребни дополнителни средства. Доколу тоа го пишува, тогаш согласно Деловникот, прво согласно член 143 мора да го разгледува Комисија за финансирање и буџет. Дали вие ќе ја закажете, како што го направивте со Комисијата за култура кога требаше да поминат годишните одбележувања, што не е проблем, или тоа ќе го направи претседателот, не знам, но во овој момент донесувањето на законот зависи од извештајот за финансиските средства бидејќи предлагачите не напишале од кои извори ќе обезбедат финансиски средства. Тоа е една работа, значи тоа е деловничкиот акспект.

Второ, да ви се заблагодарам на првиот дел што бидејќи волкот се споменува во два дела, како пратеник од изборната едница број 6, сега се надевам бидејќи добив многу јавувања дека покрај Шамбевски, сега и Александар Николовски да се стават во одбрана на бачилата како доброволци да се пријават. Мислам дека во изборната единица број 6 премногу луѓе и сега викендов бевме на една работна средба во Маврово, многу луѓе се насекирани за овој амандман. Се надевам овој амандман дел ќе реши од работите бидејќи волкот се споменува во уште еден член на кој што ќе се повикуваат пратениците, но бидејќи настана измена на точките на дневен ред, не се стигна, но мислам дека предлагачите должат едно објаснување бидејќи финансиските средства не се мерливи бидејќи не знаеме колку ќе бидат уништни пред се овци од страна на волците, а од друга страна сакам да кажам, ловењето на волците во Македонија носи добри пари од туризмот. Има серија на организации кои го организираат тоа и има посетители пред се од Шпанија, Грција и Франција кои што доаѓаат овде во Македонија каде што е организиран ловот на волците со цел да се спречи да уништуваат стока во бачилата, но од друга страна оставаат поприлично високи туристички такси во Македонија и прилив на девизни средства.

Затоа да размислиме или барам, согласно Деловникот, реков и член 143, финансиски импликации од законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Оливер Шамбевски повелете се надевам имате одговор на прашањето.

**Оливер Шамбевски:** Сосема кратка реплика претседателе.

Сега по прифаќањето на амандманот повеќе финасиски средства нема да бидат потребни надвор од она што веќе е испланирано за оваа намена во Буџетот така што апсолутно нема потреба од гледање на овој закон од страна на соодветната Комисија, бидејќи прифаќањето на амандманот промени многу работи.

Само на господинот Макрадули сакам да му поставам прашање кога веќе го даде примерот со Грција и со Шпанија односно организаирани групи кои доаѓаат од Грција и Шпанија за ловење на волкот овде, можеби треба, можеби е време да се запрашаме зошто волкот не се лови во Грција и во Шпанија иако во Грција популацијата на влоци е за едно 7 до 10 пати, не сум многу прецизен, но помеѓу 7 до 10 пати погоелема од онаа популација што ја имаме во Република Македонија. Значи, како се почитуван националното богатство во земјите секое Собрание, секоја земја сама одлучува.

**Љубиша Георгиевски:** Повлете контра реплика господин Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Па добро во однос на првиот дел мислам дека предлагачот треба да достави амандман со кој што ќе пишува во образложениeто дека не се потребни финансиски средства за да тоа може да биде, еве ќе заврши паузата мислам дека за еден час може тоа да го направат.

Второ ние сме во една ситуација на експанзија на сточарството во Република Македонија, се повеќе и повеќе гледаме бизнисмени од други области купуваат стада, отвараат бачила, се развива една гранка, која што за жал, беше занемарена во подолг период во Република Македонија. Посебно за изборната единица 6 од кај што јас доаѓам масовни се јавувањата и загриженоста на луѓето што ќе се случи и за разлика од колегата Шамбевски и Александар Николовски, јас не ги изедначувам срната и волкот. Волкот за жал, прави штета во Република Македонија и не можеме да го третираме како национално богатсто. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи е веќе 14,00 часот, давам пауза за ручек до 15,00 часот, а потоа ќе продолжиме со претресот по Предлогот на законот.

(Пауза за ручек)

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот)

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, како и предлагачите на законот, колегите пратеници да влезат во салата.

Почитувани колеги бидејќи во претпладениот ред беше претседателот, според она што не информира расправата е исцрпена.

Бидејќи во овој момент на мониторот нема повеќе пријавени за збор, пред да ја заклучам расправата по текстот би сакал да објавам пауза од 10 минути, бидејќи сум информиран дека има координација на пратеничка група.

10 минути пауза.

(Пауза од 15,04 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,12 часот)

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа.

И коректно е што не ја затворим расправата пред координацијата, затоа што гледам на мониторот дека е пријавен предлагачот на законот Оливер Шамбевски.

Има збор пратеникот Оливер Шамбевски, повелете.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам господине потпретседателе.

Откако амандманот беше прифатен ред е да кажеме за суштината на законот бидејќи само заштитата на волкот ниту беше цел, ниту индиција, туку е многу, многу позначаен овој закон кој го предложивме.

Значи, со донесувањето на Законот за заштита на природата со Законот на ловство беа избришани неколку клучни членови кои што требаше да бидат регулирани и потоа со подзаконски акт.

Тие членови се однесуваат на дефиницијата што е тоа дивеч, попис на дивечот во Република Македонија, начинот на кој што може да се лови, на кој што е дозволен ловот, итн, итн.

Имајќи предвид дека влеговме во еден вакум во регулирањето во оваа сфера неколку години во Република Македонија практично немаше дефиницаја што е тоа дивеч, немаше дефиниција кој дивеч е заштитен, кој не е заштитен, кој смее да се лови, кој не смее да се лови, така што на теренот се добиваше ситуација во која што комотно можеше да се отстрела срна, елен, рис, итн, а при тоа никој да не одговара за тоа.

Имајќи предвид дека таква ситуација е недопуслива и особено што дивечот е национално богатство на Република Македонија ние предлагачите сметавме дека под итно со измени и дополнувања на Законот за ловство треба повторно да се стави дефиницијата за дивеч, да се направи пописот на дивеч и начинот на кој што истиот може да се лови.

Од тие причини го поднесовме овој закон.

Исто така и во казнените одредби реагиравме со соодветно да биде третирано она што како предлог го доставивме на Собранието.

Имајќи предлог дека она што предизвика дискусија во Собранието ловот на волкот, веќе е апсолвирано прашање, јас апелирам до сите пратеници да го подржат овој закон заради тоа што навистина се работи за заштита на националното богатство на Република Македонија.

Од името на сите предлагачи ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитувани пратеници.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Пред да ве повикам на гласање ги замолувам колегите пратеници да влезат во салата да пристапиме кон гласање.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат и да пристапиме кон гласање.

Почитувани колеги бидејќи имаат одредени активности нашите колеги пратеници со делегации, а во 15,30 часот има координација со претседателот на Собранието, објавувам пауза од половина час.

(Пауза од 15,27 часот).

(По паузата седницата продолжи во 16,18 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Уште еднаш ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Почитувани колеги, бидејќи во системот за гласање во моментот се наоќаат 105 картички или 105 колеги утрово се пријавиле за присутни, ние во салата, за жал, немаме доволен број на пратеници за да гласаме по законот, овде ја прекинувам денешната седница.

Утре, бидејќи има закажано повеќе комисии, 56-тата седница ќе започне од 13,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,30 часот)